| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Ритче, рид и планина |
| **Содржина на денот** | Пчела и цвет |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Лилјана Црвенкоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на навики за здраво и безбедно однесување кога сме во двор, блиска околина, парк и сл. |
| **Активности** | Активноста започнува со кратка прошетка во блиска околина, а детето преку непосредно набљудување ќе се запознае со некои појави карактеристични за годишното време пролет.<br>Во пролет времето е потопло, сонцето посилно грее, животните се будат од зимскиот сон, луѓето садат зеленчукови плодови, цвеќето е расцветано во прекрасни бои, дрвото расцутено, а инсектите летаат слободно во природата.<br>Потоа се започнува со кратки вежби за правилно држење на телото при пеење и вежби за правилно дишење.<br>Со разговор за пролетта и нејзините карактеристики , детето се воведува во содржината на песната, а потоа се води разговор за текстот на песната и се објаснуваат непознатите зборови.<br>Детето со помош на возрасниот ја повторува содржината на текстот и ја заучува песната, а потоа ја пеат во придружба на музика неколку пати, се додека детето има интерес.<br>Активноста завршува со цртање по сеќавање на тема „Пролет“.<br><br>‣Во прилог линк од песната:<br>https://www.youtube.com/watch?v=Hsmz5fZURKI |